ТТК БАНКА АД Скопје
ул. „Народен Фронт“ бр. 19а
1000 Скопје, Македонија
тел: 02/32 47 000 факс: 02/31 31 387

www.ttk.com.mk
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
тр. с-ка: 290-1000000000-46

# КОМЕНТАР ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 1.1.2020 - 31.3.2020 ГОДИНА

Во периодот од 1.1.2020 до 31.3.2020 година ТТК Банка АД Скопје дејствуваше во насока на остварување на своите приоритетни цели и задачи дефинирани во Деловната политика и во Финансискиот план на Банката за 2020 година, при што во текот на периодот го прилагодуваше своето работење на тековните економски и пазарни услови на стопанисување, во услови на прогласена вонредна состојба во државата во месец март 2020 година, поради пандемијата од вирусот COVID-19.

Во периодот од 1.1.2020 до 31.3.2020 година, преку своето редовно оперативно работење, Банката успеа да генерира позитивен нето-оперативен приход пред исправките на вредност во износ од 13 милиони денари, како резултат на остварените оперативни приходи во износ од 91,9 милиони денари и остварените оперативни трошоци во износ од 81,2 милиони денари. Во истиот период, исправката на вредноста на финансиските средства на нето-основа изнесува 20,7 милиони денари.

Финансискиот резултат за периодот јануари – март 2020 година изнесува -7,7 милиони денари, што е за 13,4 мил. МКД понизок во однос на истиот период минатата година, кој во целост произлегува од падот на пазарната цена на портфолиото за тргување во месец март 2020 година. Во споредба со планот кој е во согласност со првичните согледувања за последиците што ќе ги предизвика светската пандемија предизвикана од вирусот COVID-19, остварениот финансиски резултат е над очекуваниот резултат за 18,7 % или 1,4 милиони денари.

## ▪ Известување за промени во сметководствените политики и методите на вреднување

Заклучно со 31.3.2020 година, нема промени во сметководствените политики и методите на вреднување.

## ▪ Финансиски остварувања на Банката

**Нето-приходите од камати** претставуваат основна компонента во формирањето на вкупните приходи од работењето на Банката. Остварените нето-приходи од камати во периодот од 1.1.2020 до 31.3.2020 година изнесуваат 66,1 милиони денари и бележат пораст од 2,9 % во однос на истиот период минатата година, што главно произлегува од секторот домаќинства. Планираните нето-приходи од камати се остварени со 97,3 % од Буџетот.

**Нето-приходите од провизии и надоместоци за услуги** во тековниот период изнесуваат 33,2 милиони денари и се зголемени за 6,1 % во однос на минатата година. Најголем придонес во генерирањето на приходите од провизија има платниот промет во земјата како од секторот население така и од секторот стопанство, како и приходите од провизии од финансиската активност - кредитирање. Нето-приходите од провизии и надоместоци за услуги се остварени со 103,2 % од планираните за овој период.

**Нето-приходите од тргување** изнесуваат -12,7 милиони денари и во однос на минатата година бележат значајно намалување за 13,9 милиони денари како резултат на падот на пазарна цена на сите акции од портфолиото за тргување, поради ефектите на пандемијата на COVID-19. Истите се остварени со 98,9 % од планираните за овој период.

**Останатите приходи од работењето** на Банката изнесуваат 5,2 милиони денари и се остварени со 232,3 % од планираните за овој период.

**Вкупните оперативни трошоци** во анализираниот период изнесуваат 81,2 милиони денари и во однос на минатата година се повисоки за 5,3 %, како резултат во најголем дел на повисоки трошоци за плати, како и материјални трошоци и административни трошоци. Планот е остварен со 99,6 %.

Во споменатиов период, **исправката на вредноста на финансиските средства и посебната резерва за вонбилансна изложеност на нето-основа** изнесува 20,7 милиони денари и истата соодветствува со обемот, структурата и квалитетот на пласманите на Банката.

Во првиот квартал од 2020 година нема прокнижено **загуба поради оштетување на нефинансиските средства**.

- **Исплатени дивиденди**

На ден 28.2.2020 година, Банката го објави Јавниот повик за учество на Годишното собрание на акционери, коешто врз основа на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба, се одржа на 8.4.2020 година, преку писмена кореспонденција во согласност со насоките и уредбите при вонредна состојба на Државата.

На Седницата на Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје беше донесена Одлуката за определување на износот на дивидендата и датумите на исплата на дивидендата, со која се исплаќа дивиденда за 2019 година во бруто-износ од 99.867.680 денари или висината на бруто-дивидендата по акција изнесува 110 денари односно 11 % од номиналната вредност по акција.

- **Вложување или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30 % од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**

**Материјалните средства** (недвижности, постројки и опрема) се пониски за 1,3 % во однос на 31.12.2019 година, што главно се должи на амортизацијата на основните средства.

- **Промени во кредитни задолжувања (намалувања или зголемувања поголеми од 30 % споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**

**Обврските по кредити** во однос на декември 2019 година бележат намалување за 45,6 % главно како резултат на вратени краткорочни позајмици од пазар на пари.

- **Очекувања за претстојниот период**

Во периодот што следува, сè поизвесно е дека глобалната економија ќе се соочи со пад предизвикан од здравствената криза од вирусот COVID-19. Според ММФ, оваа година се очекува пад на глобалната економија од 3 %. Се очекува економските загуби да бидат најизразени во второто тримесечје од годината со постепено закрепнување во периодот што следува.

Пад на економската активност во 2020 година, со сите последици што ги повлекува истиот, се очекува и во домашната економија. Во согласност со проекциите на НБРСМ, се предвидува намалување на економската активност од 3,5 % во 2020 година.

ТТК БАНКА АД Скопје
ул. „Народен Фронт“ бр. 19а
1000 Скопје, Македонија
тел: 02/32 47 000 факс: 02/31 31 387

www.ttk.com.mk
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
тр. с-ка: 290-1000000000-46

ТТК Банка и понатаму будно ќе ги следи сите макроекономски параметри и интерни индикатори и ќе го прилагодува своето работење на новонастанатите состојба и пазарните услови, со фокус кон одржување на ликвидноста и долгорочната стабилност.

Банката ќе ги презема сите неопходни активности за одржување на квалитетот на портфолиото, развој на понудата на производи и изнаоѓање флексибилни решенија приспособени на потребите на клиентите - правни и физички лица кои ќе бидат најзасегнати од COVID-19 кризата.

Со цел креирање одржливи и ефикасни процеси и реализација на планираниот обем на активности во согласност со Деловната политика, во услови кога е неопходно минимум присуство во банките, Банката ќе продолжи да работи на дигитализација на процесите и надградба на производите и услугите достапни преку дигиталните канали (електронско и мобилно банкарство).

Скопје, 15.5.2020 година

ТТК Банка АД Скопје